**20150872767**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14 и 33/15), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на припадниците на специјалните единици на Армијата на Република Македонија.

Член 2

Висината на додатокот на плата од член 1 на овој правилник, изнесува:

- командант на полкот за специјални операции, командант на баталјонот за специјални намени, командант на ренџерскиот баталјон.......................................................430 бодови,
- заменик командант на полкот за специјални операции, припадници на чети за специјални намени во баталјон за специјални намени, припадници на вод за обезбедување на објекти и лица во командна чета во баталјонот за специјални намени................410 бодови,
- началник на штаб во полкот за специјални операции, началник на штаб-заменик на командант во баталјонот за специјални намени, началник на штаб-заменик на командант во ренџерскиот баталјон и припадници на ренџерски чети во ренџерскиот баталјон...................................................................................................370 бодови,
- припадници на командата и штабот во полк за специјални операции, командата и штабот во баталјон за специјални намени, командата и штабот во ренџерски баталјон, штабна чета во полкот за специјални операции, командна чета во баталјонот за специјални намени, освен припадници на водот за обезбедување на објекти и лица, командна чета во ренџерскиот баталјон и чета за логистичка подршка во полкот за специјални операции...................................................................................................320 бодови,
- новопримени припадници во полкот за специјални операции, во првите шест месеци по приемот на должноста.........................................................................140 бодови.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите на член 3 точка 4 потточка 4.3. на Правилникот за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на плата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/03, 79/03, 34/05, 81/07 и 41/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-3366/1
21 мај 2015 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Зоран Јолевски**, с.р.